РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-904/1
09-02-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на 03.02.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-2286/1 од 26.06.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК покренува Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Основното јавно обвинителство Скопје (во натамошниот текст: ОЈО), против ---------------- – Градоначалник на Општина Чаир (во натамошниот текст: Градоначалникот) и Овластен градежен инспектор кој бил на ова работно место во време на пријавените дејствија и барањата за постапување, поради постоење на сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 од Кривичниот законик.

Предметот со број 12-2286/1 од 26.06.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предмет број 12-2286/1 од 26.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – Државен инспекторат за градежништво и урбанизам (во натамошниот текст: Државен инспекторат) со наводи за незаконско градење во Општина Чаир.

Во пријавата, насловена како барање за поведување на кривична постапка, Државниот инспекторат наведува дека до оваа институција е доставена пријава поднесена од група граѓани против непознат инвеститор за сторено дело бесправно градење од член 244-а од Кривичниот законик на објект на ул. Којдан Чернодрински (до Дуќанџик) Општина Чаир. Во пријавата се наведува дека постапувајќи согласно своите законски надлежности, градежен инспектор при Државниот инспекторат ја доставил претставката до Овластениот

градежен инспектор при Општина Чаир со допис архивски број од 27.12.2018 година во кое се бара да се постапи по претставката во рок од 5 дена, имајќи предвид дека согласно со процесот на децентрализација и донесените Закон за локална самоуправа, Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за градење донесувањето и извршувањето на управните акти за објекти од втора категорија е во надлежност на општината во чии граници е градбата, а во конкретниот случај тоа е Општина Чаир. При доставувањето на претставката до Градоначалникот побарано е за преземените законски дејствија и донесените акти во инспекциска постапка од страна на овластениот градежен инспектор а во рок од 5 (пет) дена да се достави известување до Државниот инспекторат.

Во продолжение се наведува дека бидејќи не бил добиен одговор од страна на Општина Чаир, Државниот инспекторат поднел ургенција со архивски број од 28.06.2019 година која била лично однесена во општината, но повторно не е добиен одговор. Поради наведеното, во дописот доставен од Државниот инспекторат до ДКСК се изразува сомневање дека општината не поседува документи и дека станува збор за дивоградба поради што се бара од ДКСК итно да се обрати до општината и да се побара одговорност за вклучените лица.

Заради проверка на наводите од пријавата и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК се обрати до Општина Чаир да достави информација и документација за изградбата на посочениот објект со допис од 22.07.2020 година и ургенција од 09.11.2020 година на кои не беше добиен одговор. На повторна ургенција до општината од декември 2021 година е добиен одговор на 30.12.2021 година во кој се известува дека е постапено по предметот при што по увид во списите на предметот констатирано е дека за објектот е доставено барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во законски предвидениот рок. Констатирано било дека објектот ги исполнува условите за легализација и за истиот има донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен изграден објект. Во одговорот исто така се наведува дека постапувајќи по ургенцијата од страна на овластен градежен инспектор е извршен увид на лице место и е констатирана фактичката состојба. Видно од записникот доставен во прилог, надзорот бил извршен на 09.12.2021 година во врска со објектот изграден на предметна градежна парцела КП ---------------------- КО Центар 1. Во записникот се наведува дека е констатирано дека постои изграден објект на горенаведената парцела, објектот не е во фаза на изградба а истиот претставува функционална целина.

Вака утврдените околности, односно непостапувањето по барањата на Државниот инспекторат и ДКСК упатуваат на сомневање за неизвршување на својата службена должност од страна на Градоначалникот и Овластениот градежен инспектор при општината. Имено, имајќи ги предвид надлежностите на Градоначалникот утврдени во член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002),

помеѓу останатото истиот е должен да обезбеди извршување на работите кои со закон и се делегирани на општината. Воедно, согласно член 23 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси одговорното лице во надлежната институција, во случајот Градоначалникот, или од него овластено лице е должно да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации до ДКСК во рок од 15 дена од приемот на барањето. Во однос на надлежностите на Овластениот градежен инспектор, согласно член 128 став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, .... и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/2019, 18/2020, 279/2020 и 227/2022) градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од прва категорија, а овластен градежен инспектор врши инспекциски надзор над градби од втора категорија од членот 57 на овој закон каде што спаѓа и објектот посочен во пријавата. Во конкретниот случај не бил извршен надзор од овластен градежен инспектор согласно Законот за градење и Законот за инспекциски надзор, ниту градоначалникот обезбедил извршување на надлежностите согласно Законот за локалната самоуправа по барањата на Државниот инспекторат и ДКСК во период од три години.

Согласно член 131 став 4 од Законот за градење, градежните инспектори од Државниот инспекторат вршат инспекциски надзор врз овластените градежни инспектори при што проверуваат дали овластените градежни инспектори ги вршат работите согласно овој закон, што исто така било оневозможено во случајот.

После неуспешните обиди на двете институции да добијат одговор во периодот од крајот на 2018 година до 2021 година, од страна на Овластен градежен инспектор доставен е одговор на 30.12.2021 година до ДКСК дека за предметниот објект е доставено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект. Вака доставениот одговор укажува на сомневање дека предметниот објект на ------------------ Ко Центар 1 се градел бесправно, што доколку било постапено по барањата на Државниот инспекторат и ДКСК во периодот од крајот на 2018 година до крајот на 2021 година, би можело да биде спречено и да бидат применети одредбите за отстранување на градбата и други мерки предвидени во Законот за градење кои се во надлежност на општината. Воедно, имајќи предвид дека барањата за постапување биле примени во Општината Чаир укажува дека на надлежните органи им било дадено на знаење за можното бесправно градење на објект, но со оглед дека не било постапено по истите постои сомневање дека е овозможено стекнување на корист на друг – во случајот инвеститорите на објектот. Дополнително, согласно член 2 од Законот за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/2017) барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект можат да поднесат сите лица кои се иматели на бесправно изградени објекти, кои ги изградиле заклучно со 3 март 2011 година, а на кои се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна

функционална целина, додека во пријавата поднесена до Државниот инспекторат, а потоа доставена од Државниот инспекторат до ДКСК, се наведува дека градежните активности се одвиваат кога е поднесена пријавата на 24.12.2018 година, за што доставуваат и фотографии од местото на изградбата.

Поради сите вакви околности постои сомневање дека со неизвршување на својата службена должност Градоначалникот и Овластениот градежен инспектор овозможиле нелегална градба и со тоа прибавување корист за друг, поради што врз основа на член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК до ОЈО Скопје ќе покрене Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење поради сомневање за сторено кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 од Кривичниот законик од страна на двете службени лица.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**